МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО ДРУШТВО „**Св. Кирил и Методиј-Крањ**“
Савска цеста 34, 4000 Крањ, Словенија
**www.mkd-kim.si**

запишува нови членови во **фолклорната секција**, во следните старостни групи:

- ЈУНИОРИ (основношколци) – информативен состанок на 4.9.2016 година во 17.00 часот
- МЛАДИНЦИ (средношколци, студенти и други) – информативен состанок на 4.9.2016 година во 18.00 часот
- ВЕТЕРАНИ – информативен состанок на 4.9.2016 година во 19.00 часот

Го очекуваме вашето присуство на информативниот состанок кој ќе се одржи во недела, 4.9.2016 година, во просториите на друштвото, по гореспоменатиот распоред. Вежби ќе се одржуваат еднаш неделно во просториите на друштвото, на Савска цеста 34, Крањ. Информации кај г-дин **Методи Златков**, водител на фолклорната секција, на тел: **040 572 785** и **041 542 373**.

Во учебната 2016/17 година во просториите на ОУ Јакоб Аљаж ќе се изведува **дополнителна настава по мајчин македонски јазик и културно наследство**.

Мајчиниот јазик е првиот јазик на секое дете. Зошто и вашето дете да не ја искористи оваа можност да го научи својот мајчин јазик. Мајчиниот јазик е основниот белег да се препознаеме во туѓина. А ако го владееме мајчиниот македонски јазик, имаме поголема можност да го сочуваме и нашиот идентитет, нашата македонска култура и обичаи. На часовите пошироко и опширно ќе ја научиме историјата на Македонија и македонскиот народ низ вековите. Преку географијата поблиску ќе ги запознаваме туристичките и други дестинации во Македонија, природните убавини на земјата и сите културно – историски места. Само сите заедно во македонското училиште за дополнителна настава и културно наследство на Република Македонија ќе научиме повеќе. Со нашите стекнати знаења полесно можеме да им ја претставиме Македонија на нашите врсници и другарчиња во нашето училиште и пошироко, таму каде сме присутни и каде што делуваме во нашата околина. Информации кај учителот, г-дин **Зекирија Шаиноски** на тел. **070 643 408**.

Крањ, август 2016